# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ СТРАТЕГИЈА НА НАЦИОНАЛНА ОДБРАНА, СИСТЕМ НА НАЦИОНАЛНА ОДБРАНА, УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ, АЛТЕРНАТИВНА ОДБРАНА, КОМПАРАТИВНИ ОДБРАНБЕНИ СИСТЕМИ И ДЕФЕНДОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје донесена на XVIII-та редовна седница одржана на 25.II.2004 година, определени сме за рецензенти по пријавата на д-р Зоран Нацев, вонреден професор за избор на наставник по предметите: Стратегија на национална одбрана, систем на национална одбрана, управување и раководење, алтернативна одбрана, компаративни одбранбени системи и дефендологија.

По сеопфатно проучување и анализа на пријавата на д-р Зоран Нацев, Рецензентската комисија има посебна чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во весникот "Утрински весник" од 14.02.2004 година за избор на наставник по предметите: Стратегија на национална одбрана, систем на национална одбрана, управување и раководење, алтернативна одбрана, компаративни одбранбени системи и дефендологија се пријавил само кандидатот д-р Зоран Нацев, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

*Кратка биографија*

Кандидатот д-р Зоран Нацев е роден на 21.10.1957 год. Основното образование го започнува во Свети Николе, а високото го оформува на Филозофскиот факултет - Институт за одбрана во Скопје со просечна оценка над осум. Како стипендист на Министерството за одбрана по завршувањето на факултетот се вработува во оваа институција како стручен соработник за обука. Во октомври 1983 год. преминува на работа на Филозофскиот факултет како помлад асистент на Институтот за одбрана. Постдипломските студии ги завршува во Белград, а поради почетокот на распадот на поранешната федерација магистерскиот труд под наслов: "Оспособување на професионалните стручни кадри за потребите на одбраната" го одбранил на Филозофскиот факултет во Скопје во декември 1990 год. Докторската дисертација под наслов: "Оспособување за одбрана и заштита во Република Македонија" успешно ја одбранува во јануари 1994 год. Истата година бил избран во звањето доцент по предметите: Дефендологија (доктрина и стратегија на националната одбрана); Раководење и управување со системот за одбрана и Одбрана и заштита, а во 1999 год. бил избран во звањето

вонреден професор. Во моментов изведува настава на Филозофскиот факултет - Институт за одбрана по два стручни предмети, а предава и Дефендологија на Економскиот и на Земјоделскиот факултет во Скопје.

Избран наставник е и на последипломските студии на Институтот за одбрана, раководител е на предметот "Дефендологија", а со определен фонд на часови партиципира и во изведувањето на наставата по предметот "Стратегија на командно-штабната воена академија". Досега има објавено над шеесетина стручни научни трудови во земјата и во странство, а како најзначајни се трите стручни книги под наслов: "Едукативни проекции во одбраната" (1995 год.), "Теоретски основи на Доктрината и стратегијата на националната одбрана" (1998 год.), и најновата "Војна, мир и безбедност" (2000 год.). Како главен истражувач и соработник има учествувано во повеќе научно истражувачки проекти, а како експерт и во изработката на првиот закон за одбрана, Стратегијата за одбрана и АРМ според НАТО стандардите. Забележителни се и неговите коментари, видувања и анализи на состојбите на планот на одбраната и безбедноста.

Во изминатите години по изборот за вонреден професор, д-р Зоран Нацев се јавува како автор на три книги и повеќе научни и стручни трудови од областа на одбраната, безбедноста и мировните истражувања. Тоа се:

а) Книги

1. Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000 год.
2. Безбедноста и националната одбрана, Македонска ризница, Куманово, 2001 год.
3. Дефендологија, Македонска ризница, Куманово, 2002 год.

б) Печатени (рецензирани) трудови

1. Човековата природа како причина за војна, Годишен Зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 2000 год.
2. Постконфликтна безбедносна транзиција во Република Македонија, Годишен Зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 2001 год.
3. Преку субверзивна војна до охридскиот договор, Годишен Зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 2003 год.
4. Национална одбранбена стратегија низ призма на содржината на политичката, дипломатската, економската и воената стратегија, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 1, 1999 год.
5. Основи на парадигмата за внатрешна организација на државата како причина за војна, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 3, 2001 год.

6. Безбедност во Југоисточна Европа, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 3, 2001 год.
7. Република Македонија и големодржавните балкански стратегии, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 4, 2001 год.
8. Безбедносни предизвици по Охридскиот договор, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 5, 2002 год.
9. Функционирањето на одбранбениот систем во конфликтот од 2001 година, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 6, 2002 год.
10. Природа и карактеристики на конфликтот во Република Македонија манифестиран во 2001 година, Современа македонска одбрана, Скопје, бр. 7, 2003 год.
11. Судир на цивилизации, Одбрана бр. 57, 2001 год.
12. STRATEGY OF POST-CONFLICT PEACE-BUILDING FOR MACEDONIA, GENEVA CENTRE FOR THE DEMOCRATIC CONTROL OF ARMED FORCES, 2003 GOD.
13. Неколку статии објавени во неделни и дневни весници.

*Краток осврт на творечката дејност на д-р Зоран Нацев*

Д-р Зоран Нацев е еден од поактивните научни работници во нашата држава, а со неговите студии во кои има широк дијапазон на креативност, како и внесување на лични погледи и ставови по одредени прашања, е овозможено содржините кои се поместени во делата да допрат не само до македонската јавност, туку и пошироко до меѓународната јавност.

Научно-истражувачката и апликативната дејност на д-р Зоран Нацев е голема. За попрегледно претставување на неговиот придонес ќе ги издвоиме неколкуте книги кои значат основа или фундамент за самата одбрана.

**ВОЈНА, МИР И БЕЗБЕДНОСТ,** (коавторство со проф.д-р Радко Начевски), Македонска ризница, Куманово, 2000, 437стр.

Одбрана на земјата како значајна општествена дејност и е во функција на остварување на непрекинат развој, има трајна природа и детерминирана е од бројни околности кои и самите се динамични. Оттаму, произлегува потребата теоретската мисла непрекинато и ангажирано да се занимава со целокупната нејзина проблематика, со цел да ги открива хоризонтите на новата пракса. Трудот има осум глави во кој се поместени тематски целини во кои се изнесени основните парадигми за војната и мирот, конфликтите како основни чинители во загрозување на мирот и безбедноста на државите, човековата природа за водење војни. Авторот со право ќе забележи дека потребата за изучување на овие појави е повеќе од евидентна поради нивната реалност, а пред се поради нужноста да се препознаваат овие елементи кои се наше секојдневие (посебно војните и конфликтите). Потоа се анализира внатрешната организација на

државата како причина за војна поаѓајќи преку елаборација на неколку теоретски образложенија на ваквото стојалиште, како и природата на меѓународниот систем како причина за војна низ призмата на реалистичката теорија. Во книгата станува збор и за последиците од уништувачката моќ на современата воена хипертрофија, колективните системи за безбедност, националната одбрана и безбедност. Во рамките на националната одбрана авторот посебен акцент става на општите фундаментални претпоставки за организирање одбрана на Република Македонија. Исто така во книгата се разработени деловите кои се однесуваат на заштитата и спасувањето, основите и суштината на националната безбедност, но и современиот македонски стратегиски концепт гледан низ детерминантите и изворите на моќ на македонскиот стратегиски контекст. На крајот во својата студија, авторот дава еден доста продлабочен пристап во согледување на безбедноста и одбраната низ анализата на ефикасноста на системот на одбраната.

**БЕЗБЕДНОСТА И НАЦИОНАЛНАТА ОДБРАНА**, (коавторство со проф.д-р Радко Начевски), Македонска ризница, Куманово, 2001 год.

Ракописот разработува една мошне актуелна тема од областа на одбраната, која е неопходна за осознавање на сите аспекти на системот на одбраната и заштитата на Р.Македонија. Трудот можеме со сигурност да го сврстиме во оргиналните и фундаментални трудови од оваа специфична и во многу области се уште теоретски непоставена материја кај нас, бидејќи Р.Македонија сосема краток период егзистира како самостојна и суверена држава која сама автономно и оргинално ги решава сите државни функции вклучувајќи ја и одбранбено-заштитната.

Првиот дел се однесува војната како феномен кој постојано го следи човекот од неговото постоење до денес. Тука, се разработени повеќе аспекти и фактори кои придонесуваат за создавање на една ваква појава, како и принципите за заштита и одржување на мирот во конкретните држави.

Следниот дел покрива одредени согледувања во насока на приближување на основните претпоставки за отпочнување на војни. Така, изнесени се сите релевантни фактори од кои се раководеле иницијаторите, за да се формира една таква авторитетна моќ и овластување за да стави крај на безразумните војни кои се воделе дотогаш. Понатаму авторот се задржува на разработка на ООН. Авторот во овој дел вниманието го посветил на европските интеграциони движења, особено на ЕУ, а во рамките на тоа и функционирањето на европскиот систем на колективна одбрана и безбедност која има пред сé регионален аспект и се вклучува во светскиот систем. На почетокот се задржува на самите европски организации за да потоа во детали го разработи системот на европската заштита кој во основа се остварува преку ЗЕУ (надворешната одбранбена и безбедносна политика на ЕУ). Понатаму акцентот е ставен на НАТО колективитетот и Партнерството за мир.

Во наредниот дел на трудот дадени се основите на системот за национална одбрана и сегментите кои се конститутивни елементи на системот за одбрана. Врз основа на напред изнесеното може да се заклучи дека се работи за исклучително актуелен труд. Актуелноста е дотолку позначајна бидејќи Македонија се наоѓа во фаза на асоцирање во евроатлантските структури, па запознавањето и со овој аспект на меѓународните односи е од особено значење за нас.

**ДЕФЕНДОЛОГИЈА**, (коавторство со проф.д-р Трајан Гоцевски, проф.д-р Митко Котовчевски и проф.д-р Радко Начевски), Македонска ризница, Куманово, 2002 год.

Ракописот се состои од 329 страници материјал. Материјалот е поделен во четири дела со разработени 16 поглавја, со соодветен предговор и список на литература која е ползувана при изработката на трудот. Во ракописот се поместени неколку илустрации, карти и шеми со кои авторите дообјаснуваат или аргументираат одредени делови од трудот, со што се овозможува негова јасност и разбирливост за поширокота читачка публика.

Ракописот во оваа фаза на развојот на нашата наука за одбраната има голем придонес бидејќи е во првите научни помагала во кое се содржани тематски целини наменети за студентите кои го изучуваат предметот "Дефендологија" на државните универзитети во Република Македонија.

Во трудот се поместени следните тематски целини кои се однесуваат на мирот, конфликтите и тероризмот како специфичен облик на насилство; на последиците од уништувачката моќ на современата воена хипертрофија; на состојбите, процесите и промените во меѓународната заедница и на националната одбрана и безбедност.

За трудот може да се каже дека по својот карактер и опфатност кореспондира со најновите научни достигања и тенденции во светот и во Европа, а особено е значајно бидејќи ги апсолвира сите релевантни показатели со кои се потврдуваат одредени состојби во светот кои секако дека ќе бидат и понатаму актуелни, а во одредени периоди и поистакнати. Трудот нуди теоретски решенија на најголем број прашања сврзани со нашиот одбранбено-заштитен систем, што е од особено значење за нашата теорија. Со оглед на фактот што се наоѓаме во фаза на преструктурирање на системот со сите негови елементи, овој труд може да даде особен придонес во сегашната развојна фаза на градење на нашите вкупни и нови општествени односи, посебно во делот кој се однесува на одбраната и заштитата.

## ПРЕДЛОГ

Анализирајќи ја целокупната научна, наставна и стручна дејност на д-р Зоран Нацев може да се заклучи дека кандидатот постигнал

забележителни резултати при што јасно и од приложените трудови се гледа дека го заокружил својот истражувачки интерес во сферата на системот на национална одбрана, давајќи свој придонес во оваа научна област. Комисијата се согласува дека се поминати неопходните временски критериуми за избор во повисоко звање и врз основа на изнесеното има особено задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи да го прифати позитивниот извештај и да го избере д-р Зоран Нацев, за наставник по предметите Стратегија на национална одбрана, систем на национална одбрана, управување и раководење, алтернативна одбрана, компаративни одбранбени системи и дефендологија, во звањето редовен професор.

**Рецензентска комисија**

_______________________

*1. Проф.д-р Трајан Гоцевски*

_______________________

*2. Проф.д-р Митко Котовчевски*

_______________________

*3. Проф.д-р Билјана Ванковска*

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
04-189/5
27.04.2004
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 848/261 од 30. III 2004 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XIX редовна седница, одржана на 21. IV 2004 година, донесе

**О Д Л У К А**

за избор на наставник

I

1. **Д-р Зоран Нацев** , вонреден професор по предметите дефендологија, управување и командување и одбрана и заштита на Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје, с е и з б и р а во звањето **редовен професор** по предметите стратегија на националната одбрана, систем на национална одбрана, управување и раководење, алтернативна одбрана, компаративни одбранбени системи и дефендологија, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

2. Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос за времето на кое е избран-а, сметано од 22. IV 2004 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на : именуваниот-ата, досието, одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски